Месечен информатор за одгледувачите на пчели во Република Македонија

# АПИС

Асоцијација за Пчеларски Информации и Совети

Број
07
Година 2010
Месец Септември



На 04.09.2010 год во Битола, У.О на СПЗМ ја одржа втората седница. На седницата покрај членовите на У.О присуствуваа и гости меѓу кои и Претседателот на ФФРМ Г. Андреја Секуловски. На Седницата се расправаше по 10 точки одд невни-от ред.

Претседателот Павле Бошковски поднесе извештај околу регистрацијата на СПЗМ и проблемите со кои се сретна околу регистрирањето во Централен Регистар на Р. Македонија. Тој истакна дека имало проблем околу името на СПЗМ бидејќи се уште постои во регистерот стариот Сојуз. Друг проблем било тоа што како Основачи не смееле да бидат правни лица, па затоа фирмите и Земјоделскиот факултетот се бришани од записникот како основачи на СПЗМ

Беше дискутирано за медоберот во 2010 год. Претседателите на здруженијата поднесоа извештај за просекот на исцеден мед по реони.

Продолжува на стр.3

## Информации од пчеларските здруженија

### ПЗ НЕКТАР – Битола

ПЗ НЕКТАР - Битола организира посета на саемот Ташмајдан во Белград.
Тргнувањето е на 01.10.2010 во 20.00h. од Битола.
Враќање од Белград на 02.10.2010.
За подетални информации на тел. 075/540-834 Милан Мрнзевски

**Васко Карадаковски**

### ПЗ БРАТСТВО - Прилеп

На 23.09.2010 год.(четврток) на градскиот плоштад во Прилеп ќе се одржи манифестација ,,медот и другите пчелни производи-инвестиција во вашето здравје,,.Манифестацијата ќе се одржи на 23, 24, 25.09.2010 год. Учеството на манифестацијата ќе изнесува 300 ден + 1 кг мед.Заинтересираните учесници да се пријават најкасно до 20.09.2010 год. на тел.бр.075/555-130 , 070/655-609 или на e-mail: boskoski.dejan@yahoo.com

**Дејан Бошкоски**

### ПЗ МАЛЕШЕВСКА ПЧЕЛА – Берово

На 26.27.и 28 Август на градскиот плоштад во Берово се одржа годишната манифестација **,,Малешевијата на дланка,,** Пчеларското здружение од Берово ,,Малешевска пчела,, учествуваше со неколку штанда на кои покрај другото имаше изложено и медоносни растенија.

**Емилија Рушковска**

### ПЗ МАТИЦА - Скопје

ПЗ МАТИЦА-Скопје организира саем на медот кој ќе се одржи во деновите 30.09, 01.10, и 02.10. 2010 год.

**Иван Додевски**

АПИС

Апикултурното периодично инфирмативно списание се подготвува како резултат од реализацијата на пилот проектот: Воспоставување на приватна советодавна служба во пчеларството во Република Македонија.

Проектот е финансиски поддржан од страна на МААСП (Проект за развој на советодавните служби во македонското земјоделство), координиран од страна АПИЦЕНТАР тренинг и репро центар за пчеларство и Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје:

ПЗ НЕКТАР – Битола
Васко Карадаковски
ПЗ БРАТСТВО - Прилеп
Дејан Бошкоски
ПЗ МАТИЦА - Скопје
Иван Додевски
ПЗ МАТИЦА - Виница
Илчо Костадиновски
ПЗ ПЧЕЛА - Куманово
Срећко Станковски
ПЗ МЛЕЧ – Струмица
Војислав Катранџиев
ПЗ МАЛЕШЕВСКА ПЧЕЛА – Берово
Емилија Рушковска
ПЗ ПЧЕЛА – Пробиштип
Горан Ѓуровски
ПЗ ШАРОПИН – Гостивар
Мерсељ Џафери
ПЗ ЗЛАТНА МАТИЦА-Кавадарци
Пере Ризов

**Уредник на АПИС**
Васко Карадаковски
**Помошник уредник на АПИС**
Срећко Станковски
**Уредник на АПИС (албански јазик)**
Валон Мустафи
**Објавено на:**
www.apicentar.com.mk



## Смена и додавање на матица

Еден од најсложените проблеми на практичното пчеларство е замената на старата мајка со нова
Честопати и многу искусните пчелари не можат да успеат да ја заменат страта мајка.
Се случува да еден и ист метод на замена да дава различни резултати.
Не постои метод при што успехот да замента на матицата ќе гарантира 100%
Можеби тоа е затоа што пчелите без да грешат ја разликуваат својата мајка од другите.
Две исти идентични мајки не постојат,и затоа при додавањето на новата матица пчелите се со агресивно однесување према истата. При обидот да ја замениме старата матица со нова неоплодена во 98% случаеви пчелите веднаш ја убиваат млада мајка.Пчелите навикнати на својата мјака Љубовта према неа тешко ја заборавaат При загуба на старата мајка после кратко време пчелите го осеќаат нејзиното отсуство .Во тој момент ако на таквото семесјтво му додадеме нова матица пчелите ќе го осетат нејзиното присуство но и нејзината различност.Поради тоа ние пчеларите треба да создадеме услови за врска помегу пчелите и мајката..Тоа се прави со додавање на матица која е ставена во кафез кој ја штити од брзо убивање.Така врската во семејството полека но сигурно се случува почнуваат да ја хранат и полека ја заборавaат старата.Можи да се случи и обратно да некои семејства никако не ја примаат додадената матица и ја убиваат.Таквите семејства примаат само матици што сами си ја створиле према тоа пчеларот треба да обезбеди услови за да се новата мајка прима во едно семејство.

1.Старата мајка треба да ја нема во семјеството, во семесјтвото не треба да има неоплодена мајка и лажлива мајка.
2.Мајката што треба да ја додадиме треба да е во кафез без пчели внатре,бидејки истите ја зголемуваат агресивноста во семејството.
3.Кафезот се поставува во средината на семјството и преку отворите на кафезот се овозможи контакт со пчелите од семејството.
4.Отворот на кафезот е затворен со тесто од погача и после 3-4 дена пчелите го ослободуваат отворот и пчелите се во директен спој со матицата.
5.Многу посигурен начин е да матицата биде на самата рамка блокирана со кафез на поклопено пилило.Матицата може слободно да се движи во тој простор па дури и да неси во празните келии.

Најсигурен начин да се прими младата мајка е ако пчеларот формира нуклеус,со напомена во нуклеусот мора да има само млади пчели.После неколку дена истиот нуклеус го приспојуваме со семесјтвото што нема-останало без матица.
Причини -зошто некои семејства не ги примаат матиците
-агресивноста на едно семејство према новата мјака зависи од возраста на пчелите.Познато е да младите пчели се мирољубиви и не покажуваат никаква агресивност према новата мајка
-Најтешко се примаат мајките во периодот на роење бидејќи многу пчели во тој период имаат развиено јајници.
-Во месец јули и август најтешко се примаат матици од причина што кај поголем дел од пчелите во семесјтвото се развиваат јајцниците и во тој период има најмногу лажливи мајки кои се всушност и убијци на новите мајки
-пашата, миризбите честото отварање на кошницата се исто така причините за некои семејства да не ги примаат новите матици

**Катрандциев Војислав**
**Здружение на пчелари МЛЕЧ- Струмица**

## Работа на пчеларникот по месеци

### септември

Треба да се завршат сите заостанати работи од претходниот месец и тоа најпрво преглед на пчелните друштва и преземање мерки за пчелите да се обезбедат за добро зимовање. Оние пчелни друштва, кои се спремни за зима нема да имаат потреба од работа на пчеларот. Може да се извадат од средината на клубето сите рамки на кои нема легло а се без или со многу малку храна. Дури и ако има многу рамки со легло може да се извади една рамка од средината на која нема мед а леглото излегува, тие рамки можат да се поместат према надворешниот дел од клубето каде ќе излези цело легло .Со тоа на клубето му се доближуваат рамките со повеќе мед. Не треба да се дозволи друштвата со малку пчели да се „развлечат" по цела кошница, туку да се сконцентрираат на помалку рамки и притоа да се извадат сите лоши рамки, младото незалежано или слабо залежано саќе. Секако треба да се обезбеди од двете страни на клубето по една полна рамка со мед кај слабите друштва а кај јаките по две рамки. Кај кошниците Л.Р, и Фарар ако тоа досега не е направено, се советува клубето да се подигне горе и дел од леглото да ги зафати рамките со мед. Прихраната со шербет, ако е неопходно треба што побрзо да се заврши и тоа со поголеми количини и за кратко време.Може да се додаде разреден мед со малку вода(20%).Третирањето против вароата треба да се сфати како најхитна мерка ако досега тоа не е сторено. Обавезно да се прати ефектот, вароата би требало да отпаѓа а ако не паѓа да се промени средството со кое се третира.
При прегледот на кошниците, треба да се обрати внимание на тоа дали можеби има некоја болест на леглото-американска трулеж, која лесно ќе се препознае по лошиот мирис од кошниците, издупчени ќелии од затвореното легло во кои има трула маса која се развлекува ако се подигни со дрвце. Ако е заразата стара тогаш таквата ќелија изгледа празна(нема трула маса бидејќи се повлекла према ѕидот на ќелијата и се исушила) што е јак симптом.
Ако се приметат рамки заразени со варово легло, најдобро е да се извадат од кошницата и да се претопат а таквите друштва да се прихранат со сируп и да се евидентираат, како би се следеле напролет.Пчелните семејства без матица, со лажни матици и сл. треба да се расформираат или спојат со некои други. Не треба да се има премногу благ критериум према квалитетот на рамките, бидејќи лошите рамки напролет ни ја отежнуваат работата и го намалуваат ефектот на мерки кои ги превземаме.

### Други работи

Пчеларниците треба да се уредат, да се искоси тревата и да се проверат постољата за кошниците. Медишните наставци треба да се сложат на места сигурни од глувци. Да се контролира саќето и ако има рамки каде што имало легло или поленов прав, најдобро е да се извадат за да не привлекуваат восочни молци, да се претопат или евентуално да се остават настранана, најдобро на промаја. Од медишните наставци и рамки пред да се складираат треба да се собере прополисот. Време е да се стопи саќето кое е извадено од кошниците како и восочните поклопци од цедењето на медот, ако тоа порано не е направено.
Се приближуваат пчеларските изложби и се се зголемува продажбата на медот, па затоа треба да се припремиме.

**Васко Карадаковски**
**ПЗ НЕКТАР- Битола**



Што понатаму...

Во Струмица пазарите се пренатрупани со фалсификуван-нечист мед кој се продава како природен со пониски цени.Како здружение побаравме помош од инспекциските служби за храна при Собранието на Општина Струмица за да го спречат тоа, да земат проби за анализи но одговорот беше дека истите не се надлежни па затоа не упатија во Ветиринарната инспекција при Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство во Општина Струмица. Но и од таму ни рекоа дека не се надлежни за таа работа и дека за тоа се надлежни инспекцијата за храна при Собранието во Струмица. Ние како Здружение се откажавме од понатамошна иницијатива и се прашуваме што понатаму.

**Катранџиев Војислав**
**Здружение на пчелари Млеч Струмица**

**Битола.** Претседателот Милан Мрнзевски истакна дека оваа година беше слаба во однос на медењето па така просекот во Битола бил испод 10кг по кошница.

**Прилеп**. Исто како во Битола слаба година со просек од 5-10кг. Општо земено послаба од минатата год.

**Пробиштип.** Во Пробиштип пчеларите во главно задоволни. Просек од 20-25кг по кошница. Претежно тоа е мед од Драката (чалија)

**Кратово.** За кратово зборуваше Ацо Тодоровски, гостин сопственик на веб страната www.pcelar.mk Просекот изнесува околу 5кг. Медење имаше околу 10-15 денови. Во главно ливада и драка. Исто така тој напомена да се води поголема грижа за флората во Р. Македонија.

**Виница.** Просекот во Виница изнесува 5,5 кг. Дабот воопшто не замеди, а магарешкиот трн оваа година го имаше повеќе од вообичаено.

**Струмица.** Оваа година помина добро. Просек од 20-25кг по кошница, ако се рачунаат само производните семејства.

Тука се отвори дискусија околу прашањето што претставува просек, дали од вкупниот број на пчелни семејства во еден пчеларник или просек од производни пчелни семејства.

**Кавадарци.** Многу послабо во однос на минатите години. Просекот околу 5-7кг.

**Берово.** Оваа година во Берово просекот изнесува 4-5кг. Исклучиво ливадски. Во однос на другите години оваа година е подобра.

**Охрид.** Просек 4-5кг. Пролетта добро се развиваа но потоа доста слаб принос на мед.

**Скопје.** Слично како низ цела Македонија. Медење имаше само на надморска висина под 500м. Над тоа воопшто не замеди.

Под Т. 3 е разговарано околу проблемите со болестите кај пчелите и предлог решенија. Донесени се повеќе заклучоци меѓу кои

Да се побара од Министерството да се направи листа на лекарства кои можат да се употребуваат во лечењето на пчелите.

Да се формира работна група за борба со болестите на пчелите која заедно со претставници на ФФРМ ќе соработува со МЗШВ

Да се настојува да се донеси закон за пчеларство.

Да се активираат здруженијата за едновремено третирање на пчелите по региони.

Дискутирано е околу субвенциите за оваа и следната година.

После обемната расправа по оваа точка донесени се следните заклучоци:

Да се настојува со помош на ФФРМ субвенциите да не се намалат

Субвенциите за 2011 година да бидат најмалку на овогодишно ниво.

Да се настојува до МЗШВ броењето на пчелните семејства да биди до 15 Април

Субвенциите за органското пчеларство да изнесуваат најмалку 1000 ден. Во спротивно да се побара раскинување на 4 годишниот договор со МЗШВ.

Да се побара зголемување на вкупните средства наменети за субвенции во пчеларството.

Да се побара што поскоро обележување (евидентирање) на пчеларниците.

Сите здруженија што поскоро да испратат списоци со податоци за нивните членови.

СПЗМ ќе побара од надлежните на акцијата ,,Денот на дрвото” да се засадат следните медоносни дрвја:

- Багрем, Софора, Даб благун, Костен Липа.

Милан Мрнзевски предложи да се активираат фирмите производители на пчеларска опрема да дадат понуди до СПЗМ за нивните производи како што се восокот и погачите за прихрана.

**Васко Карадаковски**
**Потпретседател на СПЗМ**